Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 571 www.mchamber.mk 06.9.2024

# ПРЕКУ ПРАКСА ВО КОМПАНИИТЕ, ДО ПОБРЗО ВРАБОТУВАЊЕ



ИМА ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА БАЊСКИ ТУРИЗАМ, НО ИМА И СИСТЕМСКИ ПРЕЧКИ ЗА НЕГОВ РАЗВОЈ

ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД 28 АВГУСТ - ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ

СТОПАНСКАТА КОМОРА ПАРТНЕР ВО СПРАВУВАЊЕТО СО СИВАТА ЕКОНОМИЈА

**29.08.2024 - 13.09.2024, Обука**
**Тридневна бесплатна обука на тема: МЕЃУНАРОДЕН БИЗНИС И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ дата: 23-25 септември 202...**

**03.09.2024 - 18.09.2024, Семинар**
**Дводневен „он-лајн“ семинар на тема: КОНЦЕПТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК И ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ ОПШТИ ОПАС...**

**04.09.2024 - 18.09.2024, Обука**
**Тридневна бесплатна обука на тема: АНАЛИЗА, ПРИСТАП И МОДЕЛИ НА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ: 23-25 септе...**

**19.09.2024, Брокерски настан**
**Меѓународни деловни средби “Connect2Slovenia” од областа на индустрија 4.0, автомобилска, метална ин...**

**30.08.2024 - 24.09.2024, Семинар**
**УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА**

**03.09.2024 - 25.09.2024, Семинар**
**Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги у...**

**26.09.2024, Семинар**
**СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРОДАЖНИ ПРЕГОВОРИ И НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**28.06.2024 - 30.09.2024, Семинар**
**Акредитирана обука: ЛИЦЕ ОДГОВОРНО ЗА УПРАВУВАЊЕ И/ИЛИ ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД**

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

### СТАНДАРД Покровители

### СИЛВЕР Покровители

достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# АНКЕТА ЗА КОРУПЦИЈАТА СО КОЈА СЕ СООЧУВА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР СО АНАЛИЗА НА ОДГОВОРИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија спроведе анкетата со приватниот бизнис сектор за прашања поврзани со корупција, што е дел од активностите на проектот „Граѓаните против корупцијата“ кој Комората го спроведува од април 2023 година. Станува збор за петгодишен проект, финансиски поддржан од УСАИД, што се реализира преку Конзорциум на разновидни учесници, меѓу кои и Комората како претставник на приватниот бизнис сектор.

Анкетата, која беше спроведена во март годинава, е прва од ваков тип и се фокусира на ставовите и искуствата на компаниите поврзани со корупција само за фискалната година 2023 (јануари-декември). Со вкупно 38 прашања поделени во четири сегменти, анкетата дава детален увид во различните аспекти на корупцијата, нејзината присутност и влијание врз компаниите.

Анкетата беше целосно анонимна. По електронски пат беше испратена до 400 приватни компании, од кои 138 компании (34,5%) дадоа одговори. Од нив 75 компании одговорија целосно, а 63 компании делумно. Анкетата опфаќа компании со различна големина, сектори и региони на македонската економија, обезбедувајќи репрезентативност и релевантност на резултатите. Беа вклучени компании чија работа е претежно ориентирана кон домашниот пазар, но и компании кои се членки на Советот на странски инвеститори во рамките на СКСМ.

Одговорите добиени преку анкетата се мошне релевантни бидејќи 92 % беа дадени од менаџментот на компаниите, луѓе кои ги имаат сите релевантни информации потребни за одговарање на вакви прашања во име на нивните компании.

# ЧЕСТИТКА ПО ПОВОД 28 АВГУСТ - ДЕНОТ НА РУДАРИТЕ



Со особена чест и задоволство, лично и од името на Македонската асоцијација на рударството, на сите рудари и на сите останати вработени и компании кои се дел од македонската рударска индустрија, им го честитам големиот празник 28 Август – Денот на рударите и им посакувам добро здравје, благосостојба и натамошен просперитет.

Македонската асоцијација на рударството и во наредниот период ќе продолжи да се залага и да придонесува кон креирање наповолен амбиент за рударството во нашата земја, кое треба да продолжи да се развива според концептот на одржлив развој којшто подеднакво води сметка за економската, социјалната и димензијата на животната средина. Таквиот развој носи придобивки за сите, вклучително и за



рударите и сите останати вработени во оваа индустрија.

Лично сметам дека со конструктивен и аргументиран дијалог, меѓусебно почитување и соработка помеѓу сите засегнати страни и со доследна имплементација на корпоративните практики и индустриски стандарди кои се применуваат во развиените земји, домашната рударска индустрија ќе го добие местото во општеството што го заслужува.

Како индустриска гранка која постојано инвестира во нови технологии, директно обезбедува егзистенција за над 8.000 семејства, а индиректно за многу повеќе, исплаќа плати на своите вработени кои се над 30%, а во некои од поголемите рудници и над 60% повисоки од просечната плата во државата, остварува годишен извоз од над 250 милиони долари и придонесува со повеќе од 3% во создавањето на националниот бруто-домашен производ, македонското рударство покажува дека располага со реален капацитет за дополнителен раст и развој.

Во овој контекст, формирањето на посебно Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, кое ќе води сметка за спецификите на овој сектор, како и довршувањето на процесот на креирање и усвојување на долгорочна Стратегија за оптимално искористување и управување со минералните суровини, влеваат дополнителна енергија и надеж дека конечно ќе биде препознаен потенцијалот на домашното рударство и неговиот придонес за натамошниот одржлив развој на македонската економија.

Нека ни е честит Денот на рударите! Среќно!

Ивица Талевски

Претседател на МАР

## ДУАЛНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ – ИДНИНА НА МЛАДИТЕ




Концептот на дуално образование претставува успешен начин за поврзување на теоријата и праксата, можност младите да стекнат применливи знаења, соодветни вештини на реално работно место, а партнерството помеѓу бизнис заедницата, образовните институции и државата е важен сегмент за подготовка на учениците за добра работа и кариерен развој.

Иницијативата на Стопанската комора за дуалниот модел на образование денес стана реалност и од вкупниот број на завршени полуматуранти, оваа учебна 2024/2025 година, во стручното образование и во дуалните паралелки се запишаа 70% од учениците за да се стекнат со стручни вештини и компетенции со кои лесно ќе можат да се снајдат на пазарот на труд и побрзо да се вработаат.

Ваквата реална приказна, како Стопанската комора, сакаме да ја пресликаме и во високото образование, тргнувајќи од фактот дека дипломираните студенти имаа солидни академски знаења, но им недостасува практично искуство за веднаш да се снајдат во работните процеси според искуствата на компаниите кои ги пренесуваат до Комората.



## ИМА ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА БАЊСКИ ТУРИЗАМ, НО ИМА И СИСТЕМСКИ ПРЕЧКИ ЗА НЕГОВ РАЗВОЈ



Потенцијалот е огромен за бањски туризам, но за жал истиот е неискористен. Има многу фактори на кои треба да се работи за да го фатиме чекорот со земјите од соседството и од Европа, вели Димитар Јаневски, претседател на Гупацијата за бањи при Стопанската комора во емисијата Приказна.

„Причини има повеќе, најголем дел во сферата на законодавството. Бањите се регистрирани како природни лекувалишта и по тој основ лечат со природен фактор.

Опсегот на делување зависи од повеќе министерства, за здравство, за економија, за животна средина. Со дел од нив комуникацијата и соработката не е на потребното ниво“, изјави Јаневски.

Спа туризмот, како специфичен вид на туризам во светски рамки, бележи постојан пораст и претставува значаен дел од туристичката понуда на голем број земји. Македонија не заостанува зад Европа по бројот на минерални и термоминерални извори кои постојат. Но она што недостасува се законските промени, особено во делот на туризам на бањските капацитети и стратегија за туризам.

# ПРЕКУ ПРАКСА ВО КОМПАНИИТЕ, ДО ПОБРЗО ВРАБОТУВАЊЕ



Без тесна соработка меѓу бизнис заедницата и стручните училишта за реализација на практичната обука на реално работно место нема квалитетно и пазарно ориентирано стручно образование. Оваа констатација веќе неколку години по ред ги дава и позитивните резултати преку раст на бројот на запишани полуматуранти во стручни училишта, но и енормен раст на бројот на компании во кои се реализира дуалното образование или учењето преку работа од 11 компании вклучени во процесот во 2019 година за да во 2023 година 560 компании учествуваат во овој процес. Во таа насока, Стопанската комора во соработка со проектот „Образование за вработување (Е4Е)“ преку уште еден пример на терен ја покажаа оваа заедничка активност која се реализира веќе шеста година по ред.

Во компанијата КАЗ Груп, во присуство на министерката за образование и наука, проф. д-р Весна Јаневска, Н.Е. Вероник Улман, амбасадорката на Швајцарија во РСМ (земја која дава силна поддршка во имплементацијата на дуалното образование во државата), м-р Антони Пешев, извршен директор на Стопанската комора, директорот на СУГС „Владо Тасевски“, и учениците од секторот машинство (квалификација Техничар за производно машинство) кои реализираат практична обука и учењето преку работа, уште еднаш беше акцентирана важноста за заедничкот делување во насока на креирање кадри за потребите на бизнисот преку моделот на дуално образоавние.

Пешев истакна дека Комората во приказната за дуалното образование е скоро 15-тина години кога компаниите се соочиле со сериозен недостаток на работна сила. „Единственото решение беше да почнеме да размислуваме како тој кадар да го произведуваме кај нас во државата. Ова што се случува денеска е само потврда дека сме биле на вистинскиот пат. Она што многу нè радува е дека покрај поддршката која ја имаме од Швајцарија и од некои други држави кои посебно сакаат да ни помогнат да го воведеме овој систем после многу години, конечно имаме и одговор од Министерството за образование и наука кое е подготвено да го стави во рамките на закон. Во изминатиот период направивме енормен напор да произведеме и луѓе подготвени да ги преземат децата во процесот на работа, така што имаме едуцирано повеќе од 1 300 ментори. Во последниве пет години, како од првичните 10, бројот на компании кои се вклучени во процесот на дуално образование се зголеми на 500 компании. Би сакал да продолжи ваквото образование за барем малку да пробаме да го стопираме одливот на работна сила што го имаме во државата“,потенцираше Пешев.



Порака која ја упати министерката Јаневска е дека бизнис секторот претставува клучен партнер и со заеднички сили на бизнисот, швајцарската амбасада, Министерството, се успеа да се привлечат многу ученици и да се смени мислењето дека средното стручно образование нема иднина и е помалку вредно од гимназиското. Овој настан е добра приказна за успешно стручно образование и обука, што се должи на поддршката што ја дава Стопанската комора и Швајцарија која има долга традиција на дуално образование. „Тоа го покажуваат и бројките, од вкупно запишани 17 илјади ученици во средно образование, дури 12 илјади се запишани во средно стручно образование, а има 62 училишта со дуално образование во кои во прва година се запишани четири илјади ученици“, потенцираше министерката за образование и наука Јаневска.

„За системско уредување на дуалниот модел на образование се подготвува комплетно нов закон, во кој е предвидено да се регулираат односите меѓу училиштата и бизнис секторот, како и реализацијата на учењето преку работа, се работи во комплетна и континуирана комуникација со Стопанската комора. Станува збор за концептот на дуално образование кој повеќе години се развива во нашата држава и кој подготвува генерации на ученици со квалитетно образование за да излезат на пазарот на труд, но исто така доколку сакаат можат да го продолжат својот образовен процес“, изјави Јаневска.

Швајцарската амбасадорка Вероник Улман посочи дека ги поддржуваат реформите во стручното образование во земјава, со цел младите луѓе да добијат достојни работни места, а приватниот сектор да добие висококвалитетна работна сила.

„Швајцарија веќе има ваков систем на дуално стручно образование, нешто што е важно да одговара на потребите на приватниот сектор. Ние би сакале да ги пренесеме нашите искуства, нашите позитивни практики и лекции за развој на стручното образование приспособени на вашите потреби, а не да го пресликаме швајцарскиот модел“, рече амбасадорката Улман. Таа ја потенцираше и важноста на заедничките напори, на приватниот сектор, на институциите за стручно образование и на МОН во уредувањето на дуалното образование.

Анета Корупкина од компанијата Каз Груп, Скопје истакна дека како единствена компанија за производство на водоводна опрема на Балканот, веќе трета година имаат соработка за дуално образование со средното училиште „Владо Тасевски“, а ваквата соработка е стекната преку Стопанската комора и со поддршка на Швајцарската амбасада.

„Среќни сме што ќе имаме деца коишто не само ќе учат во училниците, ќе имаат можност практично да го пробаат она што го учат теоретски во училницата. Тоа е многу важно затоа што мислам дека на тој начин, кога теоријата се спојува со праксата, имаме постручен, подобар кадар којшто многу побрзо може да доаѓа до конкретни решенија. Се надевам на понатамошна соработка, на голема поддршка од МОН овој процес да продолжи“, рече Корупкина.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 25.09.2024**

## Еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги унапредите лидерските вештини и успешно да ги водите своите соработници?

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со D.R Gilbert Centar Group ДОО Белград, Р.Србија, на 25 септември 2024 година, организира еднодневна специјалистичка обука на тема: ЛИДЕРСКИ ВЕШТИНИ – ЛИДЕРОТ ВО СЕКОЈ ОД НАС - Како да ги унапредите лидерските вештини и успешно да ги водите своите соработници?

„Начинот на кој вработените ги третираат муштериите, е одраз на начинот на кој нив ги третира раководството.“

Зашто ја препорачуваме оваа обука?

Бидејќи на работа има многу шефови, а многу малку прави лидери. Додека првите се ориентирани на форма(позиција, титула) и ги бараат своjте права, правите лидери се насочени на достигнување, резултати, мисија и поголеми цели. Правите лидери се ориентирани на одговорност, а не на своjте права. Тие драстично може да го променат квалитетот и продуктивноста на една организација.

За кого е наменета обуката?

Специјалистичката обука е наменета за топ менаџери, директори и раководители од сите нивоа и сектори во организацијата, менаџери и вработени во секторите за човечки ресурси, како и за други лица кои сакаат да ги зголемат своите лидерски вештини.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова,
телефон: 070 239 637
beti@mchamber.mk



**Семинар 24.09.2024**

## УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА

Развојот на софтвер претставува двигател за развој, иновации и конкурентност. Во изминатите години развојот на софтвер ја издигна ИТ индустријата, а голем дел од компаниите се фокусираа и кон извоз на софтвер и ИКТ услуги и надвор од границите на домашната економија. Оттука целосниот процес на развивање на софтверско решение е од особена важност за да се осигура испорака на производ кој има голема вредност за клиентот и корисниците, гарантирајќи дека се запазени сите фази и чекори од генерирање на барањето со потребните функционалности, до развој, тестирање и испорака до клиентот.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 24 и 25 септември 2024 година организира дводневен „онлајн“ семинар на тема „УПРАВУВАЊЕ СО РАЗВОЈОТ НА СОФТВЕРИ – ТЕСТИРАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО ПРОДУКЦИЈА“.

Во рамки на семинарот ќе биде разгледан конкретен развој на нови или измена на постоечки софтверски решенија. Детално ќе бидат разработени сите процеси кои се важни како што се процесот на управување со измените (развој), тестирање и пуштање во продукција. Накратко ќе биде анализирана врската помеѓу овие процеси со други значајни ИТ процеси како што се управување со настани, инциденти, проблеми итн. Ќе бидат обработени и барањата и одговорностите кои се неопходни за да би се овозможила независност при развој, тестирање и пуштање во продукција.

Контакт лица:

Михајло Донев
Телефон: 02 32 44 067
Е-адреса: mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 23-25 септември 2024**

# Тридневна бесплатна обука на тема: АНАЛИЗА, ПРИСТАП И МОДЕЛИ НА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИ ПАЗАРИ

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Анализа, пристап и модели на влез на странски пазари“. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 23 до 25.9.2024 година во сала 1 на 5-ти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите да:

· се здобијат со продлабочени знаења од областа на меѓународните економски односи и на меѓународниот бизнис, со фокус врз надлежностите на одделни меѓународни организации и интеграции;

· ги согледаат придобивките од глобализацијата (особено за компаниите од малите земји со ограничен домашен пазар) и начинот на функционирање на компаниите во меѓународни рамки (интернационални компании и меѓународен корпоративен менаџмент);

· се здобијат со сознанија за начините за влез на странски пазари.

Целна група: обуката е наменета за сите претставници од компаниите кои започнуваат со извоз или сакаат да се прошират на нови пазари, како и за сите други лица кои сакаат да го усовршат и да го надградат своето знаење или да го потврдат во делот на извозните активности, низ призмата на искуството на експерти и практичари од областа.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 18.09.2024**

# Дводневен „он-лајн“ семинар на тема: КОНЦЕПТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК И ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ ОПШТИ ОПАСНОСТИ НА РАБОТА И РИЗИЦИ ОД НЕПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ

Стопанската комора на Северна Македонија на 17-18 септември 2024 година организира дводневен „он-лајн“ семинар на тема: КОНЦЕПТ НА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК И ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ - ОПШТИ ОПАСНОСТИ НА РАБОТА И РИЗИЦИ ОД НЕПОЧИТУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ.

Семинарот за управување со ризик и проценка на ризикот опфаќа различни аспекти и методологии кои се клучни за идентификување, проценка и контролирање на ризици.

Неколку клучни точки:

Идентификација на ризикот: Првиот чекор во управувањето со ризик е да се идентификуваат потенцијалните ризици кои можат да влијаат на организацијата или проектот. Ова вклучува идентификување на сите можни извори на ризик, без разлика дали се еколошки, технолошки, финансиски или други.

Проценка на ризикот: По идентификацијата, веројатноста и потенцијалното влијание на секој ризик се проценуваат. Овој чекор вклучува анализирање на податоци и информации за подобро разбирање на врската помеѓу ризиците и нивните ефекти.

Контрола на ризикот: Последниот чекор е да се имплементираат мерки за контрола на ризикот, кои може да вклучуваат намалување на веројатноста за појава на ризици или ублажување на нивните последици.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за професионалци кои се занимаваат со проценка на ризикот на рабтната средина или сакаат да се стекнат со нови знаења, вештини и за методи и техники за проценка на ризикот, односно вработени кои се занимаваат со стандарди за квалитет, безбедност и здравје при работа како и останати кои се заинтерсирани за оваа проблематика.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Обука**
**13.09.2024**

# Тридневна бесплатна обука на тема: МЕЃУНАРОДЕН БИЗНИС И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Институтот за извоз при Стопанската комора на Северна Македонија, во рамките на партнерството со УСАИД преку проектната активност „Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција“, кој има цел да поттикне зајакнување на капацитетите на македонските компании за поуспешна регионална соработка и за нивно поврзување во нови партнерства, организира бесплатна обука на тема „Меѓународен бизнис и меѓународни односи“. Обуката ќе се реализира во Стопанската комора на Северна Македонија од 23 до 25 септември 2024 година во сала 4 на 5-ти кат.

Целта на обуката е учесниците од компаниите да:

- се здобијат со продлабочени знаења од областа на меѓународните економски односи и на меѓународниот бизнис, со фокус на надлежностите на одделни меѓународни организации и интеграции;
- ги согледаат придобивките од глобализацијата (особено за компаниите од малите земји со ограничен домашен пазар) и начинот на функционирање на компаниите во меѓународни рамки (интернационални компании и меѓународен корпоративен менаџмент);
- се здобијат со сознанија за начините за влез на странски пазари.

Целна група: обуката е наменета за ситепретставници од компаниите кои започнуваат со извоз или сакаат да се прошират на нови пазари, како и за сите други лица кои сакаат да го усовршат и да го надградат своето знаење или да го потврдат во делот на извозните активности, низ призмата на искуството од експерти и практичари во областа.

Контакт лица:
м-р Ивана Анчев
тел: 02/3244-051
е-адреса:ivana@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
тел: 02/3244-067
е-адреса:mihajlo@mchamber.mk



**Брокерски настан**
**19.09.2024**

# Меѓународни деловни средби “Connect2Slovenia” од областа на индустрија 4.0, автомобилска, метална индустрија, електроника и дигитализација

Со задоволство ве покануваме на традиционалните Меѓународен деловни средби „Connect2Slovenia“, кој ќе се одржи во четврток, 19 септември 2024 година, со почеток во 10.00 часот, во сината сала на саемот Целје, во Словенија. Настанот е организиран од словенечкиот конзорциум Enterprise Europe Network, во партнерство со Министерството за економија, туризам и спорт и Јавната агенција на Република Словенија за промоција на инвестиции, претприемништво и интернационализација и во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија.

“Connect2Slovenia” е водечки меѓународен настан на деловни средби во Словенија, кој се одржува долги години во рамките на Меѓународниот трговски и бизнис саем (МОС) во Целје, најголемиот деловен и трговски настан во Словенија. “Connect2Slovenia” овозможува вмрежување и воспоставување нови деловни контакти директно со потенцијални деловни партнери од регионот на Југоисточна Европа и Алпе-Адриа.

Настанот е наменет за мали и средни компании, start-ups and scale-ups од областа на:

- индустрија 4.0 решенија / технологии (паметни машини, роботи, паметна логистика, сајбер безбедност),
- дигитализација,
- автомобилска,
- метална индустрија,
- електроника,
- мобилност, транспорт и логистика и
- истражување, развој и трансфер на технологија.

Учеството на настанот е бесплатно, потребна е претходна регистрација до 17 септември 2024 година на веб-страната: https://connect2slovenia-matchmaking-2024.b2match.io/. Потврдената регистрација е формален билет за учество на саемот МОС.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**102** *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088